*ВЕРА ВЕСКОВИЌ-ВАНГЕЛИ*

# МАРКСИСТИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА И РЕВОЛУЦИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА (1941—1945)

Социјалистичката мисла во Македонија има своја подолга традиција и таа датира од појавата на првите работнички друштва и социјалдемократските организации на самиот почеток во дваесетиот век, кога почнува и процесот на проучувањето на марксизмот кај нас. Меѓутоа, систематското проучување на Марксовите, Енгелсовите, а особено на Лениновите дела, како и на другите теоретичари на научниот марксизам, се совпаѓа со почетоците на марксистичкото образование на југословенските комунисти од времето на Вуковарскиот конгрес на КПЈ, без оглед на разните фази низ кои минува Партијата.[1]

Марксистичкото образование на партиското и скоевското членство во повеќегодишниот илегален период на дејствувањето на КПЈ во Македонија, обременета од делбата меѓу балканските монархии и колонијалниот статус во Кралството Југославија, се одвива во полна согласност со програмата на КПЈ и е обезбедено преку преводите на основната марксистичка литература и илегалниот партиски печат.[2] За изведување на марксистичкото образование Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија ги задолжи партиските организации. Тие преку партиските ќелии го организираат индивидуалното и колективното изучување на теоријата на марксизмот, а кога за тоа имаше поволни можности, организирани се партиски курсеви и марксистички кружоци. За предавачи најчесто се ангажирани постари членови на Партијата, а често и студенти комунисти. Така, во 1939/40 година, за членовите на металската ќелија во Скопје, студенти држат предавања од Историјата на СКП(б).[3]

Програмата на марксистичкото образование ја содржи основната концепција на КПЈ по ова прашање, но во неа е вграден македонскиот спецификум. Имено, со марксистичкото образование е опфатено изучувањето на идеолошките и организационите прашања на КПЈ, марксистичко-ленинистичката теорија за

општеството, класите и револуцијата, но со посебен акцент врз проблемот на нерешеното македонско национално прашање и изучувањето на револуционерно-ослободителните борби на македонскиот народ. А тоа значи дека, покрај задолжителното студирање на Историјата на СКП(б), се проучува и книгата на Коста Новаковиќ „Македонија на Македонците! Земјата на земјоделците!"[4] и се негува традицијата на Илинденското востание од 1903 година.

На марксистичките курсеви кои што траат и по шест месеци, како што е тоа случај во Прилеп,[5] се изучува „Комунистичкиот манифест," политичката економија и меѓународното работничко движење, додека изучувањето на Историјата на СКП(б) е обврска за секој член на Партијата. Таа е во употреба со повеќе изданија и е основен учебник до крајот на Народноослободителната војна и Револуцијата. За потребата од изучување на Историјата на СКП(б) се дискутира и на партиското советување на раководниот актив на КПЈ (9—10 јуни 1939), од што произлегува и директивата дека секој покраински и обласен комитет е должен да им го обезбеди на својите членови „Краткиот курс," со препораката, бидејќи „во земјата го нема во доволно печатени примероци, тоа треба да се умножи глава по глава, на било кој начин".[6]

Во Резолуцијата на Покраинската конференција од февруари 1940 година ПК КПЈ за Македонија ги прифаќа заклучоците на ЦК КПЈ за идејно-политичкото воспитување на членството и ја нагласува потребата од натамошно студиозно изучување и обработка на Историјата на СКП(б) и констатира дека, ,,и покрај големите напори за воспитување на кадарот, се чувствува потреба од изучување и обработка, поединечно и колективно, на Историјата на СКП(б), која претставува богат арсенал на искуство и теорија за победата на руската револуција".[7] Во истиот документ, во врска со марксизичкото образование, се истакнува: „. . . Многу е добро ако сите организации сфатат дека без здраво болшевичко калење и вооружени со марксистичко-ленинистичка теорија и комунистичко воспитување на партиските кадри не е можно да бидат остварени класните задачи на Партијата: подобрување на положбата на македонскиот народ, националната слобода и независност на Македонија и победата на комунизмот." Во овој комплекс на изучување на марксизмот, покрај класно-националната компонента, се вградени хуманоста и пролетерскиот интернационализам. И повеќе од тоа, во него како црвена нишка се протега борбата на Партијата за влијание на свеста на сите оние сили кои што можат да придонесат за револуционерниот замав, што КПЈ и ја вреди во редот на политички флексибилните револуционерни партији,[8] а што особено доаѓа до израз во Народноослободителната војна, кога во марксистичкото образование сè почесто се застапени домашните теоретичари на марксистичката мисла.

КПЈ во Македонија, преку мрежата на партиски курсеви и марксистички кружоци, кои што во вистинската смисла на зборот

беа училишта за комунисти, успеа во квечерината на Втората светска војна да создаде таков подготвен идејно-политички партиски и скоевски кадар кој беше способен да ја понесе историската задача на работничката класа. Според социјалната структура, привржаниците на марксистичката мисла произлегуваат од составот на работничката класа, мал број од селанството и занаетчиите — претежно печалбари, интелигенција и писатели. Меѓу нив во своето творештво се истакнува поетот Кочо Рацин и малку помладиот Коле Неделковски. Рацин е еден и од учесниците во издавањето на партискиот орган „Искра" во 1939 година,[9] а неговата поетска збирка „Бели мугри," илегално печатена во Самобор на македонски јазик во 1939 година и веднаш забранета, меѓу македонските комунисти и прогресивните сили е чита како илегална литература. Свое влијание меѓ скопската студентска младина и во развитокот на напредното студентско движење има и д-р Душан Недељковиќ, професор на Филозофскиот факултет во Скопје.[10]

Во предвечерието на Втората светска војна марксистичко-ленинистичкото образование и воспитување на партиските и скоевските кадри, под силна рефлексија на одлуките и насоките на ЦК КПЈ од 1935, а особено од 1937 година, КП во Македонија го насочува и во борбата против фашизмот — како во земјата така и на меѓународен план. Во опфаќањето на што поширок круг симпатизери — идни слушатели на партиските курсеви — КПЈ особено внимание и посветува на широката синдикална организација — УРС. Во неа КПЈ остварува свое силно влијание, особено меѓу монополските и текстилните работници, и се поврзува со широките работни маси, мобилизирајќи ги во борбата против фашизмот, а за одбрана на земјата и за демократски слободи. Во рамките на идејно-политичката и културно-просветната работа во синдикатот, при што обемно се ползуваат културно-просветните работнички друштва, КПЈ организира и марксистички кружоци.

Што се однесува до марксистичкото образование во текот на Народноослободителната војна и Револуцијата, нужно е на самиот почеток да го истакнеме фактот дека тоа главно ги содржи предвоените форми на работа. Но, во специфичните услови создадени со фашистичката окупација и присуството на трите окупаторски војски (бугарската, италијанската и германската) во Македонија, тоа има нова содржина и пошироки димензии. Новината во марксистичкото образование во прв план е изразена во опфатеноста на целото партиско и скоевско членство, као и на кандидатите на Партијата, а не само на раководниот кадар, као што тоа дотогаш беше честа практика. Во овие воени услови марксистичкото образование има задача: од партиското и скоевско членство да изгради револуционери со висок комунистички морал и етика и со јасни ставови за класната борба на работничката класа и ослободителната војна, односно, како авангарда, во потполност да ја совладаат стратегијата на војната и револуцијата; меѓу широките народни маси да је афирми-

раат борбата на првата земја на социјализмот — СССР против нацистичка Германија и силите на Оската, односно против фашизмот воопшто; да и се противстави на контрареволуцијата, демаскирајќи ги не само контрареволуционерните движења и акции туку и соработниците на окупаторот и нивните злосторства.

Со марксистичко образование е опфатена и организираната училишна младина, која што е ситематски изложена на асимилаторски, политички и педагошки притисок на бугарскиот окупатор. Акциите на СКОЈ, познатите гимназиски штрајкови и бојкотот на наставата во учебната 1941/42 година и во наредните години на окупацијата директно се вперени против денационализацијата и обидот за фашизација на младината во Македонија. Овие акции едновремено недвојбено сведочат за класната и националната осознаеност во давањето на организиран отпор и се одраз на идејната определба на младината за револуцијата.

Партиските организации во Македонија во својата идејно-политичка дејност, водат постојана грижа и за марксистичкото образование на народностите, особено во подигањето на нивото на класната и национална свест. За муслиманската ќелија и за скоевците во Скопје, предвоената традиција да се организираат за нив специјални предавања од областа на марксизмот и меѓународното работничко движење како и да се обезбедува марксистичка литература продолжува и во НОБ.[11] Со создавањето на слободна територија во западна Македонија во есента на 1943 година се исползувани и најминималните можни услови за преведување на марксистичка литература и партиски материјал на јазиците на народностите, во прв ред на албански јазик.[12]

За совладување на идејните прашања што пред КПЈ во Македонија ги поставија НОВ и Револуцијата, Партијата го засилува агитационо-пропагандниот апарат, особено во разобличувањето на бугарскиот окупатор, кој во Македонија доаѓа под плаштот на „ослободител". Имено, со бугарската окупација на Македонија и претензиите на БРП за доминација врз партиската организација и нејзиното отцепување од КПЈ македонскиот народ и народностите мораа да се борат на два фронта: против фашистичките окупатори и против ставовите на ЦК БРП. За членовите на КПЈ во Македонија тоа е борба за одбрана на основната линија на КПЈ — непризнавање на окупацијата и територијалната распарченост на Југославија, борба за единственоста и целината на КПЈ и водење вооружена борба против фашистичките окупатори. Изборот на новиот Покраински комитет во септември 1941 година отвора нови можности во марксистичкото образование и идејно-политичкото воспитување — преку широка афирмација на ставовите на КПЈ за вооружено востание. По расчистувањето на односите помеѓу ЦК КПЈ и ЦК БРП во врска со компетенциите за партиската организација во Македонија, Покраинскиот комитет издава упатства и од партиските раководства неодложно бара „да обрнат големо внимание во теоретското, а особено во политичкото издигнување" на партиското членство. Меѓутоа, поради натамошното присуство на

делегатот на ЦК БРП во Македонија и притисокот што бугарската партија го врши врз партиското членство, Покраинскиот комитет кон крајот на ноември 1941 година, во Окружницата бр. 1, инсистира кај партиското членство „Партиските документи и партиската линија напамет да се знајат. Исто тако по [партиските] единици да се поставуваат и да се расправаат теми од општ и текуќи карактер. Да се организира изучувањето на Историјата на СКП (б)."[13] Малку подоцна, на советувањето на партиските организации на 7 јануари 1942 година, уште еднаш се констатира дека само политички издигнат партиски кадар е способен успешно да ја води Народноослободителната војна.[14]

Едновремено со анализата и насоките на Покраинскиот комитет по прашањето за идејно-политичката работа, партиските организации на теренот (а меѓу нив е голем бројот на оние што се уште не знаеја и не беа упатени во расправите со ЦК БРП), на широк план и систематски, работат врз марксистичкото образование, најчесто преку партиските ќелии. Речиси во секоја партиска и скоевска организација се формираат групи и кружоци за изучување на основната марксистичка литература и партиските документи од провиниенцијата на ЦК КПЈ и ПК, односно ЦК КПМ, а кои имаат и улога на филтер во отстранувањето на некои опортунистички и малограѓански сфаќања и манири. На состаноците што се одржуваат најмалку еднаш неделно, покрај разгледувањето на актуелните воено-политички настани, речиси без исклучок се обработува или се дискутира некое поглавје од Историјата на СКП (б) и материјали од „Пролетер", летоци и прогласи на ЦК КПЈ и ПК, како и локалниот партиски печат.[15] Од 1942 година во обработка е и умножениот во партиските техники во вид на брошура материјал „За Партијата и должностите на членот на Партија, " материјали за организација на партизанските одреди и народноослободителните одбори.[16]

Во Македонија, каде што неписменоста има висок процент,[17] идејно-политичкото образование има поширока функција, бидејќи часовите по марксистичко образование мошне често се ползувани и за описменување. Со развитокот на Народноослободителната војна се проширува и образовната марксистичка програма. Таа, исто така, и се осовременува со толкувањето на револуционерните токови што со себе ги носат НОВ и Револуцијата. Имено, на часови и индивидуално се проучава Манифестот на Главниот штаб на НОВ и ПОМ (октомври 1943) — документ кој ја утврди и широко презентира револуционерната платформа на НОБ и револуцијата во Македонија, а кој за потребите на слободната територија во западна Македонија е печатен и на албански јазик;[18] потоа, одлуките на Второто заседание на АВНОЈ, со кои се санкционирани револуционерните придобивки на ослободителната војна во Македонија. Во наставната програма е вклучен органот на ЦК КПЈ „Пролетер", потоа „Борба" со одбрани статии, најчесто во македонски превод.[19] Исто така е присутен и илегалниот партиски печат што излегува во Македонија, како што се органите на партиските организации, бри-

гадниот печат, радио-билтените, „Билтенот“ и „Известијата“ на Главниот штаб на НОВ и ПОМ, а од март 1944 година — „Илинденски пат“, орган на Народноослободителниот фронт, „Млад борец“, орган на Народноослободителниот младински сојуз на Македонија, „Македонка“, орган на Антифашистичкиот фронт на жените, и сл.

Со марксистичкото образование се опфатени и политичките затвореници, коишто ја продолжуваат предвоената традиција. Во затворите и во логорите изучувањето на марксизмот најчесто е во организација на партиската затворска организација, но за нив постојано води грижа и партиската организација на теренот, особено во дотурање на нов партиски материјал. Во директивното писмо на ЦК КПМ од 21 март 1944 година, од партиските организации во затворот се бара партиски да ги воспитуваат и издигнуваат политичките затвореници, нагласувајќи дека е нужно организирано и студиозно проучување на Историјата на СКП(б) и на „Основите на ленинизмот“.[20]

Марксистичкото образование во Народноослободителната војна се јавува и како потреба за идеолошко поврзување на револуционерната практика со борбата против фашизмот. Оттука произлегува и потребата во партизанските одреди и единиците на Народноослободителната војска, под непосредно раководство на политичките комесари, засилено да се работи врз марксистичкото образование и тие се првите организатори и предавачи на марксизмот-ленинизмот меѓу борците. Упатството на Покраинскиот комитет од 15 септември 1942 година до партиските организации во партизанските одреди ја истакнува неопходната потреба од засилување на идејно-политичката работа меѓу борците. Во упатството е нагласено дека „Партиските ќелии треба да станат политички фактор, бидејќи партизанското војување не се сведува само на воjнички акции“, туку и на преобразбрата на класната свест, од што произлегува и заклучокот дека „партиската ќелија треба да влезе во сиот живот на четата, до најмалите ситници, да пази на правилното воспитување и ојакнување на моралот“, инсистирајќи најитно да се пристапи кон подигање на политичкото ниво на членовите на Комунистичката партија преку изучување на марксизмот-ленинизмот и партискиот материјал.[21]

И тука меѓу борците еден од основните материјали е Историјата на СКП (б), „Основите на ленинизмот“, „Империјализмот како највисок стадиум на капитализмот“ од Ленин, написите во „Пролетер“ и „Борба“, како и македонската национална историја, песни од збирката „Бели мугри“ од Кочо Рацин, поезијата на Коле Неделковски и партизанскиот поет Мите Богоевски и др. Исто така доста се работи и на самообразованието и се чита напредна литература во која преовладува социјална тематика, а особено советските писатели. На генерацијата што ќе ја изведе Револуцијата омилена лектира ѝ се делата на Горки „Мајка“ и „На дното“, на Островски „Како се калеше чели-

кот", на Шолохов „Разорана ледина", некои дела на Џек Лондон, Синклер и други.[22] Оваа литература има статус на мала подвижна библиотека и ја имаше речиси секој партизански одред и таа најчесто се чита и дискутира заеднички на политичките часови.

Настојувањето на ЦК КПМ и Главниот штаб на НОВ и ПОМ во марксистичкото образование на борците, покрај класичната литература, да биде што поприсутна современата, автентичната револуционерна мисла и практика, се јавува како потреба и од фактот што партизанските одреди и Народноослободителната војска ја имаат повеќе димензионалната идејно-политичка функција во презентирањето на револуционерните вредности меѓ народните маси. Тие ја имаат и задачата да извршат влијание и во подигањето на класно-националната, партиската и борбената свест. Имено, при влегувањето во селата и на слободните територии, единиците на НОВ и ПОМ редовно организираат масовни народни собири, на кои се зборува за резултатите, целите и задачите на НОВ и Револуцијата, при што најчесто се пристапува и кон формирање на народноослободителни одбори и масовно-политички организации, што практично значи дека тие ја воспоставуваат новата револуционерна демократска власт. Идејно-политичката функција на партизанските одреди и Народноослободителната војска во преобразбата на класната свест на широките народни маси, како и нивната директна упатеност војнички и идејно да ѝ се противстават на контрареволуцијата, императивно му наложуваат на највисокото партиско и воено раководство воените единици редовно да ги снабдува со најнови партиски материјали и печат, како и со информации за актуелните воено-политички настани во земјата и пошироко. Така, на пример, по објавувањето на Манифестот на Главниот штаб на НОВ и ПОМ, Првиот обласген комитет на КПМ бара од Околискиот комитет на КПМ за Кичевско, Манифестот да биде веднаш умножен во повеќе примероци на македонски и албански јазик, за да може масовно да биде растурен да се пристапи кон негово поорганизирано проучавање.[23] Во писмото на Тодор Циповски-Мерџан, член на Првиот обласген комитет на КПМ, од 3 новември 1943 година, што го испраќа до Месниот комитет во Кичево, меѓу другото ги среќаваме следните податоци: „Ви испраќам материјал и това: 12 примерка за Партијата и основните дужности; 3 примерка Резолуција антифашистичког конгреса омладине; 25 примерка поздравно писмо на Свесловенскиот конгрес и на албански: 3 песме албанске, 60 примерока на Манифестот на Главниот штаб."[24]

Констатацијата за осовременување на марксистичкото образование ја потврдуваат не само наведените примери, туку бројната архивска документација од времето на НОВ, во која среќаваме многу податоци за свртеноста на ЦК КПМ и партиските организации кон домашната, или поточно речено, кон југословенската револуционерна практика и стварност. Ова наше уверување ќе го илустрираме и со писмото на Добривое Радо-

савлевиќ, инструктор на ЦК КПЈ во Македонија, кој од Кузман Јосифовски, член на ЦК КПМ, на 2 ноември 1943 година бара „да се испратат 'Пролетер' 14—15, статии од ‚Борба', книги од Ленин, Сталин, советски романи, Историјата на СКП (б) од VII—XII глава, книги од историјата на Македонија, ... конкретен материјал од партизаните, како и од позадината за 'Слободна Југославија'" а малку подоцна „Каде оди Бугарија" од Георги Димитров, „Илинденски пат", „Народен војник", весник на Првата македонско-косовска бригада и сл.[25]

Во идејно-политичката работа со борците мошне е значајна улогата на политичкиот комесар, бидејќи во негова компентенција е не само идејно-политичкото воспитување на борците, туку и политичката работа со задницата. Доменот на дејствувањето задачите на политичкиот комесар децидно се прецизирани во Наредбата на Штабот на Првата македонско-косовска ударна бригада од 30 ноември 1943 нодина.[26] Она што побудува особен интерес во овој документ е недвојбениот заклучок на воеhistото раководство дека е крајно време да се напушти „шаблонското, укочено (чиновничко) сфаќање за 'местото на политкомот во борбата и за време на движењето во колоната'" и дека е неопходно потребно брзо „прифаќање на новиот т.н. воен стил (начин) на работа", кој, според уверувањето на Штабот, овозможува повеќе самоиницијатива, инвенција и пожив контакт со борците. Меѓутоа, во Наредбата се инсистира политичките комесари по секоја акција да организираат конференции на кои ќе се анализира текот на воената акција и однесувањето на борците во борбата да организираат часови за критика и самокритика, како и културно-просветна работа, бидејќи, како што се нагласува во Наредбата, „политичките работници мораат да имаат постојано на ум дека од нивната работа зависи подигањето на борбениот морал и свеста на нашите борци". Една од моште сериозните задачи поставена пред политичките комесари е организирањето на митинзи и културно-просветни приредби за населението, насекаде каде што се движи Бригадата. Во наредбата се истакнува дека на сите народни собори е мошне значајно правилно да се изнесат целта и задачите на НОВ и Револуцијата, отворено да се зборува и за контрареволуционерните движења, како и за пропагандите на разните петтоколонашки струења, за дражиќевците и за пласирањето на големоалбанска идеологија меѓу народностите, за контрареволуционерните акции на балистите и сл. Во задача на политичките комесари е и редовното известување на населението за значајните воено-политички настани во земјата и во светот, бидејќи точната и навремена информација, како што се констатира во Наредбата, е од голема важност за политичката мобилност на масите и за победата на Револуцијата.

На советувањето на партиските организации во единиците на Народноослободителната војска, одржано на 21 декември 1943 година, покрај анализата на воено-политичката состојба во земјата и светот, во светлината на Московската и Техеранската

конференција и воените успеси на Црвената Армија, од политичките комесари енергично се бара уште позасилена дејност во област на идејно-политичкото и марксистичкото образование на борците. Во овие воени услови, политичкиот акцент е ставен врз популаризирањето и толкувањето на одлуките на Второто заседание на АВНОЈ за федеративно и демократско уредување на Југославија, се објаснува значењето и улогата на Националниот комитет на народното ослободување на Југославија и местото на Македонија во новата југословенска заедница, се врши мобилизација на партиските организации на теренот за нивно активно вклучување во подготовките за свикување на Првото заседание на АСНОМ итн.[27]

На политичките часови и во марксистичките кружоци во единиците на Народноослободителната војска најчесто се држат предавања со теми за појавата на фашизмот и последиците од него, често се дискутира за решавањето на националното прашање, КПЈ и Народноослободителната војна, колективот како одлика на нашта војска и слично.[28] Поради големиот број неписмени борци, политичките часови и марксистичкото образование ги содржат во себе и популарните аналфабетски курсеви, а кои се одржуваат редовно меѓу две акции[29] „Малку е чудно, што описменувањето на борците беше врзано за марксизмот, чудно е што марксизмот го проучуваат полуписмени и неписмени, а реалност е што Партијата настојуваше" — вели командантот на Главниот штаб на НОВ и ПОМ Михаило Апостолски.[30]

Според податоците од истражувањата, кон крајот на септември 1943 година во *с. Црвена Вода*, на слободната територија во западна Македонија, почнува со работа првото Партиско училиште на Централниот комитет на КПМ. Одговорен за Училиштето и наставната програма е членот на ЦК КПМ Страхил Гигов. Меѓу предавачите во Училиштето ги среќаваме Страхил Гигов, Крсте Црвенковски.[31] Училиштето го посетуваа вкупно 16 слушатели, од кои три се жени[32], и тоа сè исклучиво членови или раководители на оперативни зони, окружни и околиски комитети на КПМ во западна Македонија, како и борци од единиците на НОВ и ПОМ.

Раководителот на партиската школа Страхил Гигов, на 29 септември 1943 година, ја достави до ЦК КПМ наставната програма.[33] Бидејќи таа е мошне значајна не само од аспектот на изучувањето на марксистичкото образование кај нас, или генезата на партиските училишта, туку и пошироко, си дозволивме да ја цитираме во целост:

„I група

а) За Партијата и основните должности на членот
б) Организациони принципи Комунистичке партије од II глава на Историјата на СКП (б)

в) 14—15 број на „Пролетер", чланак: НО борба и организациона питања наше Партије — Тито
г) 16 број од „П[ролетер]" Боримe се за чисте и болшевичке партијце од Сретен Жујовиќ
д) Организациона питања Комунистичке партије Југославије у данашној Н.О. борби

II група

а) Н[овата] В[ласт] на слободната територија од Тито
б) „П[ролетер]" бр. 14—15, Шта су НОО, чланак од Црни
в) „П[ролетер]" бр. 16 Антифашистичко веќе, чланак од Моша Пијаде

III група

а) Чланци од Ѓиласа и Рибара
б) Говорот и заповедта на Сталин
в) Сталин и Н.О. покрет на малите народи

IV група за Омладината

а) „П[ролетер]" 16, Нова улога МГ, чланак од Рибар
б) Писмо за ПКМ од Ристо и Љубинка и организациона резолуција
в) Задачи на Комсомол — Сталин
г) Говор Димитрова на VI конгрес
д) За стара и нова школа, чланак од Ленин
. . . Поред ова ќе има еден реферат за жените и братството . . ."

Во септември 1944 години, исто така на слободната територија во велешкото село Горно Врановци, е организиран шестомесечен курс за скоевски раководители, кој својата работа ја продолжува во ослободено Скопје. Курсот го организира ПК СКОЈ за Македонија и со него раководи Трајче Грујоски. Меѓу предавачите на скоевскиот курс ги среќаваме Лилјана Чаловска, Трајче Груевски, Крсте Црвенковски и др.[34] Нашите настојувања да дојдеме до податоци за наставната програма, бројот на слушателите и предавачите, при немање на архивска документација, останаа неразрешени.

Ќе заклучиме со констатацијата дека марксистичкото образование во Народноослободителната војна и револуцијата во Македонија се одвива континуирано, иако се повремено присутни некои осеки од субјективен и објективен карактер. Тоа со растежот на НОВ и Револуцијата излегува од тесните рамки на кадровско образование и со марксистичкото образование се опфатени речиси сите учесници во Ослободителната војна. Темите за кои се расправа го содржат во себе основното запознавање со марксистичката теорија и меѓународно работничко и

комунистичко движење. Нужно е да констатираме дека марксистичкото образование во текот на НОВ се осовременува од револуционерната практика на НОВ и Револуцијата на народните и народностите во Југославија и во него се почесто е присутна сопствената револуционерна теорија и практика. Ваквиот приод кон марксистичкото образование и́ овозможува на работничката класа да израсне во револуционерен субјект во НОВ и Револуцијата и да стане неприкосновен носител на класниот фактор, на заедништвото и пролетерскиот интернационализам.

## ЗАБЕЛЕШКИ

[1] Predrag Vranicki: „Хисторија марксизма", Загреб 1946—1971, кн. 2, стр. 360.

[2] Меѓу двете светски војни најчесто се проучува следната литература: „Материјалистичко схватање хисторије" од Волгин, „Друштвени развитак" од Рајмес, „Политичка економија" од Сегел „Империјализмот како највисок стадиум на капитализмот" од Ленин, „Комунистичкиот манифест", „Жена и социјализам" од Бебел, „Развитак друштва" од Ф. Филиповиќ и др. Од печатот најприсутен е теоретско-политичкиот орган на ЦК КПЈ „Пролетер", потоа, органот на ЦК КПХ „Srp i čekić;" органот на ПК КП Србија „Комунист;" „Дело", „Наша реч" и др.

[3] „Реконструкција на партиската организација во Скопје", стр. 132.

[4] Брошурата на Коста Новаковиќ: „Македонија Македонцима! Земља земљорадницима!" излезе од печат во летото на 1924 година и веднаш беше забранета, но, и покрај своите недостатоци, наиде на извонреден прием во Македонија.

[5] Вера Ацева — анкета 1981 година.

[6] Јосип Броз-Тито: „Сабрана дјела", Београд 1977, том IV, стр. 206.

[7] „Пролетер," октобар-новембар-децембар 1940, бр. 9, 10, 11, стр. 20.

[8] Врањицки, ц.д. стр. 362.

[9] Според податоците од истражувањата, од весникот „Искра" излегле 2 броја, во ноември првиот а во декември 1933 вториот број на весникот.

[10] Д-р Душан Недељковиќ му припаѓа на малиот број универзитетски професори коишто го застапуваат марксизмот. Објавил неколку забележителни расправи, меѓу кои „Идеолошки сукоб демократије и фашизма" — во 1938, „Анти-Бергсон" — во 1939; преводот на Хегеловата „Логика", со опстоен коментар под насловом „Дијалектика" — во 1939 и др.

[11] Архив на Македонија — Скопје, кут. 35, инв. бр. 280.

[12] Архив на Македонија — Скопје, арх. бр. 456.

[13] „Извори за Ослободителната војна и Револуцијата во Македонија 1941 — 1945", Скопје 1958, том I, кн. 1, док. 12, стр. 65.

[14] Истото, док. 17, стр. 96.

[15] „Реконструкција на партиската организација во Кичево", стр. 26.

[16] Стенографски белешки на партизанскиот одред „Дамјан Груев", стр. 7.

[17] Во првиот попис на Кралството Југославија, во кој како писмени се сметани у полуписмените, изведен во 1921 година, процентот на неписмените во Македонија изнесува 77,4%, во 1931 67,5%, а во 1948 година 40,3%.

[18] Архив на Македонија — Скопје, арх. бр.

[19] „Извори за Ослободителната војна и Револуцијата во Македонија 1941 — 1945", Скопје 1983, том I, кн. 7, док. 1, стр. 17; док. 2, стр. 20; док. 16, стр. 83.

[20] Истото, том I, кн. 3, док. 34, стр. 193, 196.

[21] Истото, том I, кн. 1, док. 47, стр. 313—321.

[22] Стенографски белешки на Битолскиот партизански одред „Дамјан Груев", стр. 7.

[23] Архив на Македонија — Скопје, арх. бр. 456.

[24] Истото, арх. бр. 460.

[25] „Извори за Ослободителната војна", том I, кн. 3, док. 62, стр. 304.

[26] „Бригадата на братството и единството", Скопје 1958, стр. 482.

[27] Извори за Ослободителната војна том I, кн. 3, док. 11, стр. 69—93.

[28] „Бригадата на братството и единството", стр. 325, 368.

[29] „Втора македонска ударна бригада", Скопје 1973, стр. 232.

[30] Анкета — Михаило Апостолски, 1973.

[31] „Реконструкција на партиската организација во Кичево", стр. 140.

[32] Меѓу слушателите се: Томо Буклески од Кичево, Крсте Марковски од Никифорово, Панче Поповски од Гостивар, Нада Антева од Тетово и др (Види: „Реконструкција на партиската организација во Кичево", стр. 142

[33] Архив на Македонија — Скопје, арх. бр. 389.

[34] Анкета — Трајче Грујоски, 1983.

*VERA VESKOVIĆ—VANGELI*

## MARXIST EDUCATION DURING THE NATIONAL LIBERATION WAR AND REVOLUTION IN MACEDONIA (1941—1945)

During the National Liberation War and revolution in Macedonia, Marxist education was continuous and very important for raising the level of class consciousness. With the broadening of the national liberation struggle, the number of course students increased, especially through the broad network of ideological, political and marxist study groups and was a successful counter force to the counter-revolutionary ideology and trends. The subjects discussed contributed to an acquaintance with the basics of marxist theory and with the international workers' movement. It should be pointed out that during the National Liberation War, Marxist education was supplemented and made current with subjects on the revolutionary theory and practice of the National Liberation War and revolution of the nations and nationalities of Yugoslavia and individual revolutionary traditions. A new quality was added to Marxist education with the opening of the Party Study Centre of the Central Committee of the Communist Party of Macedonia in September 1943, and with the six month courses for Communist Youth leaders organised by the Province Committee of the League of Communist Youth of Yugoslavia.